Географија на Европа

Тематска содржина

Општи карактеристики на Европа

Географски граници на Европа



Густина и населеност на Европа



Франција

Германија

Шпанија



Италија



Обединетото Кралство

Австрија



Швајцарија



Норвешка



Шведска



Исланд

Географски граници на Европа



- Европа е геолошки и географски полуостров (или подконтинент), формиран во најзападниот дел на Евроазија. Стандардно, се смета за континент, но во овој случај, станува збор повеќе за културна поделба отколку за географска поделба.
- Европа е обиколена на север со Арктичкиот Океан, на запад со Атлантскиот Океан, на југ со Средоземното Море и Црното Море, и на исток со планината Урал и Каспиското Езеро.

Географски граници на Европа

- Додека северната, западната и јужната граница на континетот се прецизно дефинирани со водените површини, источната граница е предмет на полемики меѓу географите.
- Денес за источна граница на континентот се смета планината Урал која на југ продложува со реката Урал и Каспиското Езеро и потоа преку Кавказ излегува на Црното Море. Со ова цел Кавказ влегува во состав на Европа, а задкавкаските земји, иако географски припаѓаат на Азија, според модерните политички текови и тие се прилкучени кон Европа.

Општи карактеристики на Европа

- Ако се смета за континент, Европа е вториот најмал континент на светот со површина од 10.180.000 km² и поголем е единствено од Австралија. Европа има густина на население од 73 жители/km² и брои околу 743 милиони жители. Европа има најразгранет брег и најмала надморска височина, која просечно изнесува 300 метри. Повеќе од 50% од површината е низинско земјиште, а само 17% е планинско земјиште.
- Највисокиот врв Елбрус, се наоѓа на планинскиот венец Кавказ и е висок 5642 метри, а најдолга река е Волга – 3700 km, додека најзаначајна е Дунав (2860 km), која поминува низ 10 Европски држави.
- Доколку го иземеме европскиот дел на Русија, тогаш најголема по површина е Украина, а следат Франција, Шпанија, Шведска, Германија, Финска, Норвешка идр.

Сателитска снимка на Кавказ

Јазични групи во Европа

Општи карактеристики на Европа геологија

- Според геолошкиот состав и градбата на карпите, се доаѓа до заклучок дека Европа се состои од стари карпи (Балтичкиот Штит, Руската плоча, Централно-европските низини) и од млади планини набрани за време на алпската орогенеза во терциер (Алпи, Пиринеи, Динариди, Карпати, Кавказ). Географски, младиот релјеф генерално се среќава јужно од 50° СГШ, каде се среќаваат и највисоките планини во Европа.
- Сепак најголем дел од Европа (3/4) припаѓа на низините до 200 m, што Европа ја прави мошне прооден континент и доста погоден за населување. Најголемите низини се наоѓаат во источниот и централниот дел на Европа, како: Источноевропската низина, Панонската низина, Влашката низина и Прибалтичката низина, меѓу другите.

Општи карактеристики на Европа клима

•Најголемиот дел од Европа се наоѓа под директно влијание на западните влажни воздушни маси што доаѓаат од Атлантикот и условуваат умерено топла и релативно влажна клима. Влагата опаѓа одејќи кон внатрешноста на континентот, така што во централните делови на Европа, климата е континентална, со помалку врнежи, ладни зими и доста топли лета.

- Приморските делови на Скандинавскиот Полуостров се под директно влијание на топлата Голфска струја, па поради тоа овој дел на Европа се одликува со многу поблагопријатна клима, отколку другите краишта на светот кои се наоѓаат на иста географска широчина. Крајните северни и североисточни делови на Европа се одликуваат со снежно-шумска или бореална клима (влажна клима со топли лета и многу ладни и снежни зими).
- Крајниот југ на Европа го заплискуваат водите на Средоземното Море, па поради тоа тука најзастапена е медитеранската клима, со топли и сушни лета и свежи и врнежливи зими.



Општи карактеристики на Европа вегетација

- Во приморските краишта на јужна Европа преовладуваат растителни заедници и врсти кои се прилагодени на летните суши и на сиромашни со хумус почви. Вегетацијата воглавно е зимзелена, со доста грмушки и закржлавени шуми – макии.
- Влажните, западни и централни делови на Европа, имаат разноврсна листопадна и мешовита вегетација, а во ладните северни предели преовладуваат четинарските и бореалните шуми, таканаречени тајги.
- Источните делови на континентот се одликуваат со степи и шумо-степи, а големите тревни површини на многу места се претворени во плодни житници.
- Најсеверните делови на Европа се одликуваат со субполарен климатски тип и овде најраспространета е тундрата (оскудни растенија, трева, лишаи, мов и закржлавени грмушки)





Густина и населеност на Европа

- Европа со просечна густина од 73 жители/km^2, е втор најгусто населен континент по Азија, но со доста порамномерна населеност за разлика од Азија. Најгусто населен е индустрискиот запад на Европа (Лондон – Париз – Рур со над 400 жители/km^2), а најретко населени се Северна и Источна Европа.
- Најмногубројна народна група во Европа е словенската (со над 250 милиони), по што следат германската со 195 милиони и романската група со 190 милиони.
- За разлика од останатите континенти, Европа важи за иселенички континент и моментално е единствен во светот каде природниот прираст генерално стагнира.




Barents Sea
Iceland
Norwegian Sea
Ural Mountains
Finland
Sweden
Scandinavian Mountains
Norway
Russia
Atlantic Ocean
Estonia
Latvia
North Sea
Den-mark
Baltic Sea
Lithuania
Kazakhstan
Ireland
United Kingdom
Belarus
Nether-lands
Poland
Belgium
Germany
Ukraine
Luxembourg
Czech Republic
Slovakia
Caspian Sea
Mol-dova
France
Switzer-land
Liecht.
Austria
Hungary
Carpathians
Caucasus Mountains
Alps
Romania
Slove-nia
Croatia
Georgia
Azerbaijan
Black Sea
Armenia
Monaco
San Marino
Bosnia and Herzego-vina
Serbia
Pyrenees
Andorra
Italy
Monte-negro
Balkan Mountains
Pontic Mountains
Portugal
Apennines
Bulgaria
Rhodopes
Iran
Spain
Vatican City
Mace-donia
Al-ba-nia
Turkey
Pindus
Greece
Taurus Mountains
Syria
Iraq
Rif
Tell Atlas
Leba-non
Cyprus
Morocco
Algeria
Tunisia
Malta
Mediterranean Sea

Франција

- Франција (француски: République Française или France) е демократска држава чија територија се наоѓа во Западна Европа и која е најголема во Европската Унија со површина од 551.700 km² и втора по население со 67 милиони жители. Франција исто така е и една од шесте земји, основачки на Европската Унија (ЕУ).
- Просечната густина на населеност е 120 жители/km², а главен и воедно најголем град на државата е Париз, со вкупна урбана популација (заедно со предградијата) од околу 12 милиони жители.





Франција

- Франција се граничи со Белгија, Луксембург, Германија, Швајцарија, Италија, Монако, Андора и Шпанија. Франција е поврзана со Обединетото Кралство преку каналскиот тунел, кој минува под Англискиот Канал, односно Ламанш. Иако континентална Франција се наоѓа во Западна Европа, Франција исто така поседува и територии во Северна Америка, Карибите, Јужна Америка, на јужниот дел на Индиски Океан, на Тихиот Океан, и на Антарктикот.
- Франција денес е доста развиена земја, со високо развиено стопанство, земјоделие, индустрија и разни услужни дејности.

Франција



Релјефна карта на Франција. Областите со потемна боја означуваат места со повисока надморска височина, а областите со зелена боја означуваат места со ниска надморска височина

- Релјефот во Франција е составен од стари грамадни планини (Вогези, Централен Масив) и млади верижни планини (Алпи и Пиринеи), како и од пространи низини кои се наоѓаат во северниот и западниот дел од државата.
- На Алпите се наоѓа и највисокиот врв во Франција (и најзначаен во Европа) – Мон Блан, висок 4810 метри.

Франција

- Климатски, Франција е доста разнообразна, а тоа се должи на фактот што нејзината територија се наоѓа во областите со умерен климатски тип. Во јужните делови, Франција е под директно климатско влијание од средоземјето, кое условува изразито медитеранска клима, а во висорамнините и во ридските предели, изменето-средоземноморска клима, со топли лета и благи и врнежливи зими. Западниот и северниот дел се под директно влијание на западните ветрови и на влажните океански струи, поради што овде климата варира од умерено-влажна до континентална. Планинските масиви се со изразита планинско-алпска клима, додека во пространите платоа помеѓу нив климата е умерено-континентална и мошне погодна за подигање на винова лоза.



Климатска карта на Франција

Франција

- Најголеми и најзначајни реки во Франција се Сена, Лоара, Рона идр.
- Средоземното крајбрежје со познатите центри Кан и Ница и Алпите со Гренобл и Шамони овозможиле туризмот во оваа земја да стане мошне значајна стопанска гранка, а покрај висококвалитетните вина, Франција е и лулка на парфемната индустрија во Европа.

Ајфеловата кула

Кан

Ница

Гренобл



Германија

- Сојузна Република Германија (герм. Bundesrepublik Deutschland) е една од водечките индустриски земји, лоцирана во централна Европа. Германија граничи на север со Северно Море, Данска, и Балтичко Море, на исток со Полска и Чешка, на југ со Австрија и Швајцарија, и на запад со Франција, Луксембург, Белгија и Холандија. Германија зафаќа површина од 357.100 km², а според бројот на население, таа е најнаселена земја во Европа, каде живеат 83 милиони жители. Густината на населеност е 230 жители/km². Германија денес е високоразвиена земја (и е една од шесте земји основачи на Европската Унија во 1958 година). Главен и најголем град е Берлин, со околу 4 милиони жители.

Германија

Топографска карта на Германија

- Германија природно е поделена на четири поголеми географски целини. На север се наоѓа Северногерманската низина, која во голем дел е прекриена со мочуришта и со постглацијални наноси.
- Централниот дел на Германија е ридско-планински, иако надморската височина ретко преоѓа 1000 метри.
- Третиот регион се наоѓа најјужно и е претставен со планинските масиви на Шварцвалд, Швапска Јура и на Баварските Алпи (каде е лоциран и највисокиот врв во Германија – Цугшпице, 2962 m.).
- Четвртата целина е составена од широкото плодно подрачје кое се наоѓа западно од реката Рајна.

Германија

- Климата во Германија во голема мера варира од претежно умерено-континентална и континентална, додека во северните делови доминира влажната океанска клима која се одликува со свежи зими и врнежливи лета. На југ, климата е планинска, а овде во просек и количеството на врнежи е најголемо.
- Најдолги и најзначајни реки се Рајна, Елба, Дунав и Мајна. Многу од реките се пловни за поголеми бродови и поради тоа, меѓусебе се поврзани со вештачки прокопани канали.



Климатска карта на Германија – распоред на врнежи

Германија

Бон

Дизелдорф

- Германците се најбројни (околу 90% од населението), а според вероисповеста, 43% се протестанти и 32% католици. Во Германија има над 7 милиони странски доселенци, од кои над 2 милиони се Турци.
- Најгусто населена област во Германија е индустрискиот запад – Рурската област (конурбација со над 10 милиони жители на површина од 7000 km^2) .
- Иако по Втората Светска Војна беше поразена, поделена и разорена, сепак Германија брзо се опорави, а денеска е мошне развиена и една од најзначајните и највлијателни држави на Европската Унија.

Берлин



Познатата карпа Лорелаи на реката Рајна

Шпанија

- Кралство Шпанија (на шпански: Reino de España) е земја лоцирана во југозападна Европа. Го дели Пиринејскиот Полуостров со Португалија, Гибралтар и Андора. На североисток, одејќи по Пиринејскиот планински масив, се граничи со Франција и Андора.

Шпанија

- Шпанија ги вклучува Балеарските Острови во Средоземно Море, Канарските Острови во Атлантски Океан, градовите Сеута и Мелила на север од Африка и неколку помали ненаселени острови на средоземноморската страна на Гибралтар.
- Главен и најголем град на Шпанија е Мадрид со популација од 6,5 милиони жители. Површина на земјата е 504.500 km², а бројот на население е околу 47 милиони жители, додека просечната густина на населеност е 93 жители/km².

Топографска карта на Шпанија

Шпанија

- Шпанија зазема 83% од вкупната површина на Пиринејскиот Полуостров. Таа е трета најголема држава во Европа, по Украина и Франција. Нејзините морски граници изнесуваат 4964 километри преку кој Шпанија ги подржува врските со останатите држави. Таа излегува на два водни базени, јавувајќи се како средоземноморска и атлантска држава. Релјефот на Шпанија е доста разнообразен со смена на планински, висорамнински, брдски и низински предели. Пиринеите (3404 метри) се наоѓаат на североисток и претставуваат остра граница помеѓу Пиринејскиот Полуостров и остатокот од Европа.
- Централниот дел е претставен со висорамнината Мезета (600-800 m), а тој е опкружен со високи млади верижни планини. Највисокиот врв се наоѓа во јужна Шпанија, на Сиера Невада (3478 метри).



Барселона – финансискиот центар на Кралството Шпанија

Шпанија

- Шпанија се наоѓа во умерениот климатски појас, а климата многу се разликува во зависност од местото. Често, за климата во Шпанија се вели дека е средоземноморска, но таа се јавува само на југ и на исток. На исток и југ, каде преовладува медитеранската клима, летата се топли и суви со максимални температури до 48 °C. Овој дел има и најголем број на сончеви денови во Европа. Зимите се умерени. На северозапад, климата е постудена, а во Централна Шпанија, климата е изразито континентална. Зимно време температурите во овие краишта, паѓаат и под 0 °C.
- Од големите височини на шпанските планински масиви се спуштаат неколку релативно кратки реки, кои ја чинат хидрографската мрежа на Шпанија. Најдолга река е Тагус, а други позначајни реки се Гвадијана, Гвадалкивир идр.

Реката Гвадалкивир покрај Кордоба

Базиликата дел Пилар, Зарагоса

Италија

- Италија (на италијански: Italia) или официјално Италијанска Република (на италијански: Repubblica Italiana) е јужноевропска земја, географски сместена на Апенинскиот полуостров и два големи острови во Средоземно море: Сицилија и Сардинија.
- На север преку Алпите се граничи со Франција, Швајцарија, Австрија и Словенија. Независните земји Сан Марино и Ватикан се сместени на Италијанска територија.

Италија

Рим

- Италија зазема површина од 301.340 km², брои нешто над 60 милиони жители, додека просечната густина на населеност е 200 жители/km². Главен, а воедно и најголем град е Рим (3 милиони жители).
- Италија е високоразвиена држава со разновидна индустрија и полјоделство, но е сиромашна со руда и фосилни горива. Постојат значајни разлики во развиеноста помеѓу северот и југот на Италија. Северниот дел е доста поразвиен и побогат од јужниот.

Топографска карта на Италија

Италија

- Италија е претежно полуостровска земја и целосно е сместена на Апенинскиот Полуостров, кој е карактеристичен по тоа што има форма на чизма.
- Во релјефот јасно се издвојуваат три географски целини: Алпите се наоѓаат на крајниот северен дел од земјата, јужно од нив е Падската Низина и Апенините кои во неколку паралелни ланци се протегаат долж полуостровскиот дел на земјата.
- На повеќе места се среќаваат и вулкански купи (Етна, Везув, Стромболи, Вулкано).

Италија

- Најголемиот воден потенцијал на земјата доаѓа од Алпите, каде извира и најголемата и најзначајна река По, а овдека се формирале и неколку леднички езера, како Гарда, Комо и Лаго Маџоре.
- Најголемиот дел од Италија се одликува со медитеранска клима, додека на северниот дел преовладуваат умерено-континенталната и алпската клима (на повисоките предели). Најголемиот дел од врнежите паѓаат во северниот дел на Италија и во зимските и пролетните месеци.



Климатска карта на Италија

Италија

- Најголемиот дел од населението (96%) се Италјанци, а од малцинствата најмногу има Французи на северозапад, Австрици во Јужен Тирол (Алто Адиџе) и Словенци на североисток.
- Најголемиот дел од Италјанците се католици, а на територијата на главниот град на Италија, Рим се наоѓа државата Ватикан, која е седиште на Католичката црква и Папата и со своите 0,44 km^2 површина е најмала држава во светот.

Миланската Опера

горе: Венеција; доле: Ватикан

Обединетото Кралство

- Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (The United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland) е островска држава која се наоѓа во северозападна Европа.
- Велика Британија лежи помеѓу Ирска и континентална Европа и претставува остров што се наоѓа на мало растојание од северозападниот брег на Европа, чинејќи го главниот дел од територијата на Обединетото Кралство (United Kingdom).
- Трите земји што го сочинуваат островот се Англија, Шкотска и Велс. Покрај нив во рамките на кралството се наоѓа уште и Северна Ирска.

Обединетото Кралство

Топографска карта на Велика Британија

- Островот Велика Британија е најголемиот од британските острови. Друг голем остров во архипелагот е Ирска.
- Велика Британија е најголемиот остров во Европа и осмиот најголем остров во светот. Тој е исто така трет најнаселен остров во светот по Јава и Хоншу.
- Површината на Велика Британија е 243.610 km² и брои 65 милиони жители.
- Просечната густина на населеност е 262 жители/km². Главен град е Лондон, кој со пошироките предградија брои близу 14 милиони жители, што го прави трет најголем град во цела Европа.

Обединетото Кралство

- Географски, островот е обележан со ниски земјишта на исток и југ, додека ридовите и планините доминираат во западните и северните региони.
- Пред крајот на последната ледена доба, Велика Британија била полуостров на Европа. Нивоата на морињата кои се издигнувале како резултат на топењето на ледниците по ледената доба го предизвикале формирањето на Англискиот Канал (водена површина која сега го дели островот од европското копно).
- Релјефот во Шкотска и Велс е претежно планински, а во Англија е низински. Сите планини во Велика Британија се стари грамадни планини. Најпознати се: Камбриските планини кои се наоѓаат на полуостровот Велс и Пенинските планини во средишниот дел на Англија.
- Други познати планини се: Каледонските и Грампиенските планини. Највисокиот врв во Велика Британија е Бен Невис (1343m), а најголеми низини се Шкотската и Лондонската низина. На Велика Британија и припаѓаат околу 5000 острови.

Највисокиот врв во В. Британија – Бен Невис

Вестминстерската палата

Обединетото Кралство



Климатска карта

- Климата на Велика Британија е поумерена отколку во другите региони на северната хемисфера со иста географска широчина пред се поради големото влијание на западните ветрови и топлите води на Голфската струја кои поминуват покрај британските острови.
- Западните ветрови од океаните носат големи количества влага. Затоа дождовите се редовни и чести во текот на годината. Северна Ирска има приморска клима, а Англија има умерена клима (благи зими и ладни лета). Регионите со високи планини имаат ладни зими со многу снег. Најмалку врнежи на островот има во североисточна Англија.
- Најпозната река во Велика Британија е Темза.

Австрија

- **Австрија** (германски: Republik Österreich) е земја во Централна Европа, без излез на море. Се состои од 9 сојузни држави. Се граничи со Германија и Чешка на север, Словачка и Унгарија на исток, Италија и Словенија на југ, и Швајцарија и Лихтенштајн на запад.
- Во овие граници зафаќа површина од 83.880 km². На тој простор живеат над 8,8 милиони жители, а просечната густина на населеност е околу 105 жители/km².
- Главниот и најголем град на Австрија е Виена, со вкупна популација од над 2,5 милиони жители.

Австрија

- Иако долго време Австрија заедно со Унгарија била мошне силна и голема империја, таа денес е една од малубројните држави во Европа која нема излез на море, односно е континентална држава. Меѓутоа затоа голем дел од нејзината сегашна територија е претставена со Алпите кои нудат извонредни услови за развој на туризмот, а имено и даваат на Австрија впечатлив и доста прекрасен пејсаж.
- Воглавно, Алпите го заземаат западниот, централниот и јужниот дел од државата и претставуваат гранка од таканаречените Источни Алпи. Тие понатаму се делат на Салцбуршки, во централниот дел, Таври во западниот дел, додека на југ се наоѓаат Карниски Алпи и областа Тирол, каде се наоѓа и највисокиот врв Гросглокнер, висок (3798 m.)
- Котлините и долините претежно се сконцентрирани во североисточниот дел од земјата, по течението на реката Дунав.



Топографска карта на Австрија

Поглед на Алпите

Австрија

- Климата во Австрија е умерено-континентална со ладни и не толку врнежливи зими и топли и врнежливи лета, додека во планинските краеви таа е типично планинска и алпска со обилни снежни врнежи во текот на зимските месеци. Најмногу влага примаат западните, а најмалку источните делови од земјата каде што и влијанието на Панонската низина е поголемо. Во северните делови од Австрија, ладните зими повремено знаат да бидат ублажени, благодарејќи на топлиот и сув планински ветер, фен.
- Најголема и најзначајна река во Австрија е Дунав, додека не помалку значајни се и Драва и Мура. Од езерата, најпознато е Боденското.
- Шумите покриваат 47% од територијата на Австрија, а најраспространети се листопадните (до 800 метри) и четинарските шуми.

Виена – еден од најубавите главни градови во Европа и во светот

Палатата Шонбрун, Виена

Швајцарија

- Швајцарија (официјално: *Confoederatio Helvetica*) е сојузна држава (конфедерација), сместена во Западна Европа, без излез на море. На север граничи со Германија, на исток со Австрија и Лихтенштајн, на југ со Италија и на запад со Франција.
- Швајцарија зафаќа површина од 41.285 km^2 и брои над 8,3 милиони жители, додека просечната густина на населеност е над 200 жители/km^2.
- Главен град е Берн, а најголем и најзначаен е Цирих, 400.000 жители.

Швајцарија

- Швајцарија е планинска земја, со изразито прекрасни предели и области. Се состои од три геоморфолошки целини. На југ е просторно најголемиот и највисокиот Алпски појас, во кој Алпите се гранат на Бернски, Лепонтиски и на Пенински Алпи, каде се наоѓа и највисокиот врв во Швајцарија, Монте Роса (4633 m). На северозапад е планинскиот масив Јура (700-800 m), а помеѓу нив се наоѓа пространа висорамнина (500-1000 m), каде живее најголемиот дел од населението.
- Речната мрежа е мошне густа, а ректе поради големиот пад и брзината се значаен хидроенергетски извор.



слика горе: Матерхорн

слика доле: Монте Роса

Поглед на прекрас-ното Женев-ско Езеро

Швајцарија

Контрасна клима помеѓу ледникот Алеч, умерено-ладната Јура и јужните делови на Тисино (езерото Лугано)

- На висорамнините и во речните долини, климата е умерено-континентална со чести продори на сув и топол ветер (фен), кој носи брзи и значајни зголемувања на температурата на воздухот.
- Големите езера (Боденското на североисток и Женевското на југозапад) благопријатно влијаат на климатските прилики.
- Високите делови на Швајцарија се одликуваат со ниски температури и обилни снежни врнежи, поради што се погодни за интензивен развој на зимскиот туризам.

Швајцарија

- Составот на швајцарското население е прилично сложен во поглед на потеклото, јазикот и вероисповеста. Над ⅔ од населението припаѓа на германското говорно подрачје, 20% на француското, 10% на италјанското говорно подрачје, а само нецел 1% го говорат романш јазикот. Подеднакво е присутно католичанството и протестантизмот, а многу малку останатите религии како православната, исламот идр.
- И покрај тоа што Швајцарија располага со многу малку обработливи површини и суровини, сепак интензивно развиениот туризам, недопрената убавина, поволната географска положба, како и долготрајниот мир и паметната политика што ја води оваа држава, придонеле денес Швајцарија да е една од најразвиените држави во светот.

Цирих

Photoatlas.com

Норвешка

- Норвешка (*Kongeriket Norge*) е држава во Северна Европа. Се наоѓа на Скандинавскиот Полуостров и го опфаќа неговиот западен брег. Таа на исток граничи со Шведска, а нејзиниот најсеверен регион (Финмарк) граничи со Финска на југ и Русија на исток. Обединетото Кралство и Фарските Острови лежат западно преку Северното море, а Данска лежи на југ. Долгото крајбрежје на Новешка, во Северно Атлантскиот океан и Баренцовото море, се дом на нејзините познати фјордови.

Норвешка

- Норвешка има површина од 385.000 km² и вкупна популација од околу 5,3 милиони жители. Просечната густина на населеност е една меѓу најмалите во Европа и изнесува 14 жители/km². Главен град е Осло (околу еден милион жители) кој од оснивањето во 1624 година па се до 1925 година го носел името Кристијанија.
- Норвешка е една од најразвиените земји во светот, а нејзината економија се базира на услужните дејности, развиената индустрија, риболовот и големиот хидроенергетски потенцијал и богатите нафтени наоѓалишта.



Норвешка

- Најголемиот дел од Норвешка е опкружен со Скандинавските Планини (горна слика) кои се протегаат долж целата земја почнувајќи од североисток до крајните југозападни делови, а највисокиот врв се наоѓа на југ (2470 метри). Норвешка е сместена во субполарниот и поларниот предел (од 58° до 71° СГШ), а овде се наоѓа и најсеверната точка на Европскиот континент – ’ртот Нордкин.

Панорамска слика на главниот град на Норвешка, Осло

Норвешка

- Обалата на Норвешка е доста расчленета со голем број на длабоки и долги фјордови, чија должина достигнува и над 100 km. Најдолгиот фјорд, Согнефјорд , има должина од 205 km.
- Поради влијанието на Голфската струја, климата на Норвешка е многу поблага одошто во другите области со иста географска широчина. Во приморјето климата е влажна океанска, додека во внатрешноста таа е континентална субполарна. Одејќи кон север климата станува поларна (поради влијанието на ладните воздушни маси од Арктикот).
- Реките се доста кратки, но поради големиот пад тие располагаат со голем хидроенергетски потенцијал. Во планинските области има голем број на леднички езера.



Климатска карта

Областа Бигдој, на Ослофјорд, една од најубавите парк-населби во Осло

Шведска

- **Шведска** (шведски: Sverige) или официјално Кралство Шведска (шведски: Konungariket Sverige) е држава во Северна Европа на Скандинавскиот Полуостров. Шведска граничи со Норвешка на запад и со Финска на североисток. На југ е поврзана со Данска со мостот Ресунд.
- Главен град на Шведска е Стокхолм, што е и најголем град во државата со 2,2 милиони жители. Со своите 450.295 km², Шведска е трета најголема држава во Европската Унија според територија и има вкупно население од 10 милиони жители. Според тоа, Шведска има релативно низок степен на густина на население со 22 жители на km², иако тој е многу повисок во јужните делови на земјата.
- Околу 85% од населението на кралството живее во урбаните средини (претежно на југ) и се очекува овој процент да се зголеми поради урбанизацијата на земјата.

Шведска

- Најголемиот дел на Шведска му припаѓа на Балтичкиот штит кој спрема запад и северозапад постепено се издигнува во Скандинавските Планини (2133 метри).
- Релјефот својот денешен изглед го добил за време на плеистоцената глацијација, кога огромен дел од моренски создадените долини биле исполнети со езера.
- Обалата е доста долга, со добро разгранета брегова линија и со многу мали и ниски острови и плитки заливи во Балтичкото Море.

Националниот парк Стора Сјофалет

Панорамска снимка на Скандинавските Планини

Шведска

- Големата издолженост во правец север-југ придонело до големи климатски разлики. На север преовладува ладна субполарна клима, во средишните делови таа е континентална, а во јужните приморски делови климата е умерено-океанска.
- Бројните реки поради брзаците и слаповите не се пловни, но располагаат со огромен хидроенергетски потенцијал.
- Шведска, по Финска е најпошумена земја во Европа. Оваа скандинавска земја е и една од најразвиените земји во светот со доста развиена социјална програма и мошне висок животен стандард.



Планинскиот премин Лапортен (на двете слики) поради својата специфична геоморфолошка форма е заштитен од УНЕСКО



Исланд

- Исланд е северно-европска островска република, лоцирана во Северниот Атлантски Океан, долж Централно-Атлантскиот гребен. Сместена е во области околу северниот поларен круг, опкружена со Гренландското Море на север, Данскиот Проток на запад, Атлантскиот Океан на југ и Норвешкото Море на исток.
- Оваа островска држава зафаќа површина од 103.000 km^2, на која живеат само 350.000 жители, или просечно само по 3,3 жители/km^2.
- Главен и воедно најголем град е Рејкјавик, каде живее половина од исландското население.

Исланд

- Релјефот на Исланд е претежно планински (дури ¾ од островот), изграден од стари карпи местимично покриени со вулканска лава и туф. Но и покрај ова, Исланд е доста активно острово, при што овде се среќаваат голем број на активни и пасивни вулкани, голем број на гејзери, како и силни и доста топли термоминерални извори.
- Планинската внатрешност е прекриена со ледници, но и покрај изразито планинскиот релјеф, најголемата надморска височина на Исланд е само нешто над 2100 метри.
- Обалата е добро разгранета, додека низинскиот приобален појас е мошне тесен, со добро развиени стрмни карпи и фјордови.

Вулканот Ејафјалајокул

Глечерот Ејафјалајокул

Големиот Гејзер (од тука потекнува називот гејзер)

Традиционални Исландски куќи

Исланд

- Климата, во населениот приобален појас е океанска со свежи лета и релативно благи зими со обѕир на големата географска широчина на Исланд. Протекувањето на топлата голфска струја спречува прекумерно ладење на островот, а најголемо количество на влага носат токму јужните (потопли) океански ветрови.
- Дождовите и маглите се најчест призор на прекрасниот Исландски пејсаж, додека вечниот лед и снег прекриваат 1/7 од островот.
- Реките се кратки и брзи, а на островот се среќаваат и доста езерца.

Исланд

- Најголемиот дел од населението (околу 97%) го сочинуваат Исланѓаните-протестанти. Тие се потомци на скандинавските, британските и на ирските доселенци во средниот век.
- Исланд денес е високоразвиена земја, а од природните ресурси најзначајни се околните океански води, богати со риба. Топлата вода од гејзерите се користи за загревање на домовите и на оранжериите, а планинските реки за добивање на електрична енергија.

Рејкјавик

Малото рибарско село - Судурејри

ЕВРОИНФО

Податок	Информација
Име на континентот	Европа
Површина	10.180.000 km^2
Географски екстреми (во рамки на континентот – без островите)	Север: ’рт Нордкин (Норвешка) Исток: Урал Планина (Русија) Југ: Пунта де Тарифа (Шпанија) Запад: ’рт Рока (Португалија)
Најниска точка	Касписко Езеро (-28 m.)
Највисока точка	Елбрус, Кавказ (5642 m.)
Просечна надморска височина	300 метри
Најдолга река	Волга (3690 km.)
Најзначајна река	Дунав (2860 km.)
Најдлабоко езеро	Хорниндалсватнет (516 m.) , Норвешка
Највисока измерена Т °C	+48 °C во Атина, Грција (10.07.1977)
Најниска измерена Т °C	-58,1 °C во Уст-Шугор, Русија (31.12.1978)
Најврнежливо место	Црквице, Црна Гора (4800 mm/год.)
Најсуво место	Алмерија, Андалузија (Шпанија) - 196 mm/год.
Број на жители	743.080.000
Густина на населеност	73 жители/km^2
Просечен животен век	~76,5 години (мажи: 74 години, жени: 79 год.)
Број на држави	50 (43 целосно во Европа)+6 делумно суверени
Најзначајна конфедерација	Европска Унија (28 земји членки)

ЕВРОИНФО